Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06) , Претседателката на Советот на Општина Свети Николе на ден 09.03. 2022 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на десеттата редовна седница на**
**Советот на Општина Свети Николе**

Десеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се оддржи на ден **15.03. 2022 година (вторник) со почеток во 14:00 часот** во советничкта сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записник од осмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 10.02. 2022 година;

**Точка 1**
Предлог – Решение за разрешување и именување на претставник од родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,,Свети Николе;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за формирање Совет за јавно здравје;

**Точка 3**
Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на административните службеници,давателите на јавни услуги и помошно - техничките лица во ЈП ,,Погребални услуги" Свети Николе бр.0202-36/3 од 23.02.2022 год.;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2022 година;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2022 година;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлуката за определувања на имиња на улици во Општина Свети Николе;

**Точка 7**

Завршна сметка за 2021 година на Дом на култура „Крсте Мисирков „ Свети Николе;

**Точка 8**

Завршна сметка на ОУ Народен Музеј Свети Николе за 2021 година;

**Точка 9**

Завршна сметка на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2021година;

**Точка 10**

Завршна сметка на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе за 2021 година;

**Точка 11**

Завршна сметка на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за 2021 година;

**Точка 12**

Завршна сметка на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија за 2021 година;

**Точка 13**

Завршна сметка на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за 2021 година;

**Точка 14**

Завршна сметка за ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за период од 01.01. 2021 година до 31.12.2021 година;

**Точка 15**

Завршна сметка за ЈКП „Единство„ ПО Свети Николе за период од 01.01. 2021година до 31.12.2021 година;

**Точка 16**

Извештај за материјално-финансиското работење со завршна сметка за период од 01.01. 2021 до 31.12. 2021 година на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе;

**Точка 17**

Извештај за реализација на Општина Свети Николе за четврт квартал за 2021 година;

**Точка 18**

Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за четврт квартал од 01.01.2021 година до 31.12. 2021 година;

**Точка 19**

Квартален извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за четврт квартал на Општина Свети Николе;

**Точка 20**

Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините од 01.01. до 31.12. 2021 година;

**Точка 21**

Завршна сметка на Општина Свети Николе за 2021 година;

**Точкац 22**

Годишен извештај за работењето на Општина Свети Николе за 2021 година;

**Точка 23**

Информација за состојбите со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од ОН Свети Николе за второто полугодие од 2021 година;

**Точка 24**

Барање од физичко лице З.Ј. за утврдување на правен статус на бесправен изграден објект од Одделението за урбанизам;

**Точка 25**

Барање од физичко лице А.С. за утврдување на правен статус на бесправен изграден објект од Одделението за урбанизам;

**Точка 26**

Барање за доделување парична помош од лицето М.Н.

**Бр.0801-01**
**09.03. 2022 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска**